ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 31 - 119/1
09.01.26 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5936/1 од 25.12.2025 година, поднесено о[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-5936/1 од 25.12.2025 година, поднесено од[redacted]со кое се бара информација од јавен карактер:

1.Вкупен број на комунални редари ангажирани во рамки на ЈКП „Дервен".

2.Опис на нивните надлежности и активности согласно важечките акти.

3.Податоци за спроведени контроли и интервенции од страна на комуналните редари во периодот од јануари до декември 2025 година, вклучително и:

-број на извршени контроли

-број и вид на изречени опомени/мерки

-број и вид на поднесени прекршочни пријави.

4.Дали комуналните редари водат едвиденција или извештаи за својата работа и, доколку да, во која форма.

5.Податоци дали и на кој начин граѓаните можат да поднесат пријава или поплака за постапување/непостапување на комуналните редари.

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Во прилог на Решението Ви го доставуваме одговорот од одделението за инспекциски надзор при Општина Велес под чија надлежност се комуналните редари:

-Комуналните редари не се вработени лица во ЈКП „Дервен" ,тие работниот однос го засноваат во Единиците на Локалната Самоуправа согласно Закон за комунални дејности и Закон за јавна чистота.

Комуналните редари вршат контола-надзор на лице место. Од фактичката состојба на лице место можат да преземаат активности согласно законските надлежности што ги имаат.

Граѓаните пред да поднесат поплака за работата на комуналниот редар, прво треба да пријават неправилност во надлежност на комуналниот редар.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

ОПШТИНА ВЕЛЕС

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*